**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр.** 02-916/1
27.02 **2020 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 10[1] и член 18 став 1 алинеја 11 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а во врска со член 19 од Законот за сметководството за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" бр.24/03, 17/11 и 154/15), согласно Заклучокот на Советот бр.02-864/2 од 27.02.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 10-та седница одржана на 27.02.2020 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. Се усвојува Годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019-та година.

2. Оваа одлука влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно позитивните законски прописи, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги има обврска да води сметководство, и по истекот на деловната година (што подразбира календарска година), да состави годишна сметка. Годишната сметка вклучува биланс на состојба, биланс на приходи и расходи, белешка за распоредување на резултатот и обрасци (ДБ - даночен биланс, ДЕ - посебни податоци за системот за државна евиденција за непрофитните организации и СПД – рекапитулар – структура на приходи по дејности).

Согласно член 19 од Законот за сметководството за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/03, 17/11 и 154/15), годишната сметка се доставува до Управата за јавни приходи и до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар до крајот на месец февруари наредната година.

Следствено на горенаведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеја 10[2] и член 18 став 1 алинеја 11 Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).
[2] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), а во врска со член 19 од Законот за сметководството за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/03, 17/11 и 154/15), согласно Заклучокот на Советот бр.02-864/2 од 27.02.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 10-та седница одржана на 27.02.2020 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од одлуката да се достави до:
- Секторот за финасии и логистика;
- Сектор за правни работи; и
- Секторот за информатичка подршка и општи работи – архива.